# ORGANIZATION OF ILLEGAL SANITATION SERVICE IN MACEDONIA DURING THE WWII

**Verica Josimovska, Ph.D.**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
**verica.josimovska@ugd.edu.mk**

**Stojko Stojko, Ph.D.**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
**stojko.stojkov@ugd.edu.mk**

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract:

The partisan forces in Macedonia as a basic form of organization of the people's liberation war in 1941 were the first which point to the need of sanitation service, therefore, with the forming of the partisan forces the sanitation service was as well organized. As a basic shape of the illegal sanitation service the institution health squad was used. They were formed by the local war headquarters in coordination with the local party organizations.

## Key words:

PLW, Macedonia, sanitation service, hospitals

**Theme/s:**
Modern History, History of Medicine

**Доц. д-р Верица Јосимовска**
**Доц. д-р Стојко Стојков**

# ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИЛЕГАЛНАТА САНИТЕТСКА СЛУЖБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕ НА НОБ

**Апстракт**: Партизанските одреди на Македонија како основен облик на организација на народнослободителната војска во 1941 година, биле првите каде што се почувствувала неопходноста од санитетска служба, затоа едновремено со формирањето на партизанските одреди била организирана и санитетска служба . Како основен облик на илегалната санитетска служба се користела институцијата здравствен одбор. Нив ги формирале месните воени штабови во координација со месните партиски организации.

**Клучни зборови**: НОБ, Македонија, санитетска служба, болници.

Наспроти јавните санитетски установи под директна контрола на окупациските власти, на територијата на Вардарска Македонија 1941-1944 година, во строга тајност, била организирана илегална санитетска служба.

Врз основа на директивата на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) за Македонија, кон крајот на август 1941 година бил формиран Покраински воен штаб како воено политичко раководство за подготовка на вооружена борба во Македонија. Подоцна Покраинскиот воен штаб бил преименуван во Главен штаб на Народноослободителната војска (НОВ) и партизанските одреди на

Македонија (ПОМ). Освен тоа биле формирани месни штабови во градовите и сите поголеми населби[1].

Народноослободителната војна во Вардарска Македонија била водена во многу специфични услови кои битно се разликувале од другите војни, пред сè, поради тоа што требало физички да се заштитат ранетите, болните, санитетскиот персонал и санитетските установи во целина, од суровите злочини на непријателот. Окупаторските војски не почитувале никакви морални норми ниту пак меѓународни конвенции, што се потврдило во праксата кога масовно биле убивани најтешко ранетите, болните и санитетскиот персонал. Со посебно обучени единици се трагало по скриените ранети партизани кои биле убивани на најѕверски начин заедно со оние што се грижеле за нив.

Како пример може да послужи случајот со тешко ранетите од подвижната болница на Оперативниот штаб, кои биле носени неколку дена на раце, на враќање од Грција низ Источна Македонија. Поради тоа што носењето на ранетите многу ја отежнувало мобилноста на единиците, во близина на селото Шипковица, на планината Плачковица, била формирана болница за тешко ранети борци. Истите биле предадени на чување на жителите од селото: Дане Трајков и неговиот син Јордан, а под заштита на Плачковичкиот одред. Со нив бил одреден и еден болничар со потребниот санитетски материјал. Веднаш по заминувањето на единиците на Оперативниот штаб од теренот на Плачковица, единиците на 17 Бугарска дивизија при пребарувањето на теренот, откриле дел од болницата во која биле сместени 11 најтешко ранети партизани од кои само еден успеал да се спаси[2]. Исто така, болницата на велешко-прилепскиот партизански одред „Димитар Влахов“ во која биле сместени тешко ранети борци, во текот на борбените дејствија била откриена од непријателот и целосно уништена. Од болните и ранетите успеале да се спасат само двајца[3].

Во време на февруарскиот поход 6-мина ранети партизани од Првата македонско-косовска народно ослободителна ударна бригада (НОУБ), на патот од село Десово за Прилеп биле откриени и сите убиени. Тешко ранета во градниот кош,

[1] Михајло Апостолски, Развојот на санитетската служба во текот на народноослободителната војна во Македонија, Гласник бр. 2, Институт за национална историја (ИНИ), Скопје 1959, 7.
[2] Михајло Апостолски. 1975. Развој на санитетската служба во Македонија во текот на НОВ, Студии и статии, II книга, Скопје, 207.
[3] Миле Михајлов, 1992. Военозаднинските органи во Народноослободителната војна на Македонија (1941-1945), Скопје, 344.

болничарката Милица Лукиќ –Тишлер, која како стручно лице ги придружувала 6-те ранети партизани успеала да се спаси поради тоа што непријателските бугарски војници мислеле дека е мртва. Подоцна таа била пренесена во Прилеп каде во приватни куќи, сѐ до оздравувањето, илегално била лекувана[4]. Може да се спомене и примерот со Герас Цунев, кој ранет морал да замине од Штип за Струмица, каде бил сместен во приватна куќа на лекување. Набргу бил откриен од бугарските полициски власти и убиен[5].

Вакви примери на однесување на фашистичките власти, не биле само во Македонија туку, дури некаде и многу пожестоки, и на воените простори на Југославија. Свирепоста на непријателот била усмерена во два правца: со ваквите ѕверски одмазди кон тешко ранетите и болните, покрај сите признати меѓународни обврски за заштита на ранетите, да предизвика состојба на шок кој негативно ќе делува врз моралот на борците и со нивното уништување што помал број да се врати во единиците. Ова било најчестата причина што санитетските раководители на партизанските единици често пати биле принудувани да ги евакуираат ранетите. Заради злосторствата на непријателот кон ранетите, болните и персоналот што се грижел за нив, обврска на сите команди, од највисоки до најниски, била преземање на систем на заштитни мерки за одбрана на животот на ранетите и болните. Меѓу заштитните мерки се вбројува и испраќањето на еден мал број на ранети по тајни канали во болниците на окупираните градови каде конспиративно, под лажни имиња а понекогаш и под лажна дијагноза биле лекувани.

Се барале најразлични решенија за засолнување на ранетите на теренот бидејќи најтежок проблем претставувала нивната физичка заштита. Се избегнувало групирање во поголеми болници, за засолнување се бирале тешко пристапни места и тајни скривалишта. По селските куќи и колиби се сместувале по еден или двајца ранети. Праксата покажала дека ваквиот систем на конспиративна заштита дал позитивни резултати. Пружањето на прва помош на ранетите во партизанските единици уште на самиот почеток се судрило со тешкотии најмногу поради малиот број на професионални болничари.

[4] Кирил Пунтевски. 1975. Лекување на ранетите и заболените борци од Прилеп и Прилепско 1941-1944, Скопје, 30-31.

[5] Тодор Чепреганов. 2001. Британските воени мисии во Македонија и санитетската помош на НОВ И ПОМ, Зборник, Прв македонски конгрес за историја на медицината, Штип, 293.

Посебни тешкотии на санитетот во НОВ и ПОМ му создавало постоењето на епидемиски жаришта на дамчест тифус (Кичево, Гостивар, Дебар), стомачен тифус (Битола и Велес) и присуството на голем број маларични болни и туберкулоза.

Основна форма на организација на вооружената борба на народноослободителното движење (НОД), во партизанскиот начин на војување, биле партизанските одреди. На чело на одредите стоел воен штаб во кој имало меѓу другото и лице задолжено за организација на санитетот. Така, едновремено со формирањето на партизанските одреди во 1941 година, била организирана и санитетска служба .

Како основен облик на илегалната санитетска служба се користела институцијата здравствен одбор. Нив ги формирале месните воени штабови во координација со месните партиски организации. Здравствените одбори и воените штабови биле во улога на посредници за изнаоѓање на персонал за лекување на ранетите и нивно сместување.

Комунистичката партија на Македонија (КПМ) свесна за значењето на санитетската служба во подготовките за водење на војна, преку здравствените одбори вршела мобилизација на сите свесни санитетски кадри и симпатизери на народноослободителното движење.

Пред здравствените одбори биле поставувани тешки и одговорни задачи поврзани со секојдневните ризици да бидат откриени, затворени или прогонети од окупаторските власти. Дел од многубројните задачи што требало да ги исполнат биле:

1. Собирање, чување и складирање на санитетски материјал и негово илегално дистрибуирање до партизанските одреди. Набавката на овој материјал се обезбедувала тајно од постоечките болници преку вработени лекари и друг доверлив медицински персонал, кои ризикувале да бидат откриени.
2. Подготовка на санитетски кадар за работа во партизанските одреди преку организирање на илегални санитетски курсеви. Програмски курсевите содржеле основни познавања за прва помош и хигиено превентивни мерки, од причини што еден од најтешките проблеми било одржувањето на личната хигиена на борците и спречувањето на вошливоста, која била причина за појава на многу тешката заразна болест „дамчест тифус“.

3. Здравствените одбори се грижеле за изнаоѓање на станови во приватните куќи заради сместување и лекување на ранетите партизани и илегалци.
4. Се ангажирале за изнаоѓање на лекари, аптекари и друг медицински персонал кои илегално ги лекувале ранетите партизани во илегалното сместување по домовите.
5. Една од потешките задачи на здравствените одбори било лекувањето на болни и ранети партизани во болничките институции кои биле под директна контрола на окупаторите. Ова лекување, заради опасностите што ги демнеле, било спроведувано строго конспиративно преку сигурни и проверени лекари[6].

Здравствениот одбор во Скопје, и покрај честите разоткривања и апсења на поедини негови членови, на лекари и здравствени работници симпатизери на НОВ функционирал и ги извршувал своите задачи во сите фази на развој на санитетската служба во Македонија за цело време додека траела војната. Здравствениот одбор во Скопје, своите активности ги развивал во два основни правца:

- Организација за набавка на санитетски материјал и негова дистрибуција по илегален пат до единиците. Санитетскиот материјал бил собиран на разни начини а чуван во тајни складишта по приватните куќи. Постоеле и две поголеми складишта, едното во просториите на спортскиот клуб „Македонија“ а другото на фудбалското игралиште кај Градскиот парк. Голема улога во прибирањето на санитетски материјал имала и медицинската сестра Иванка Јовева Караѓозова која работела во Првостепената државна болница во Скопје[7].
- Организација за лекување на ранетите и болните партизани од одредот на теренот на Скопска Црна Гора и лекувањето на илегалци во окупираното Скопје. Постоела мрежа на приватни куќи и станови кои им служеле на овие цели. Лекувањето по приватните домови се одвивало на строго конспиративен начин. Од лекарите кои спроведувале лекување во окупираното Скопје се истакнувале д-р Јаков Сарафиќ (уапсен во март 1942 год.) и д-р Димитар Миовски, лекар од Скопје, подоцна референт на санитетот на 3 Македонска НОУБ и референт на санитетот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ[8].

---

[6] Georgi Kamčevski. 1965. Razvoj sanitetske službe u toku NOR, Zbornik radova XIV Naučnog sastanka, Naučnog društva za istoriju zdravstvene kulture Jugoslavije (NDZIZKJ), Beograd, 137.

[7] Исто таму.

[8] Исто таму.

Здравствениот одбор во Битола бил формиран 1941 година на иницијатива на Цветко Узунов - Абаз, член на ПК на КПМ, кој тогаш илегално живеел во градот. Во него многу активно биле вклучени д-р Трифун Пановски, д-р Вукашин Попадиќ[9] и неговата сопруга д-р Мирјам Попадиќ[10], д-р Киро Миљовски, ветеринарен лекар и студентот по медицина Христо Дума.

Преку здравствениот одбор во Битола биле собрани големи количества на санитетски материјал и лекови од битолската болница и од аптеката на м-р Чаљовски, со помош на неговата ќерка Цвета која истовремено била и слушател на илегалниот санитетски курс. Потоа биле испраќани во партизанските одреди, а била организирана и мрежа на приватни куќи и станови во кои илегално биле лекувани ранети и болни партизани од Битолскиот партизански одред. Исто така било организирано лекување на ранетите преку тајни и доверливи личности во битолската болница. Лекувањето на партизаните во битолската болница најчесто било спроведувано од страна на д-р

[9] Д-р Вукашин Попадиќ се родил во 1904 во Гламоч (Босна и Херцеговина). Дипломирал на Медицинскиот факултет во Загреб 1930 година. Работел во Штип и Битола како епидемиолог-маларијолог до Втората светска војна и за време на бугарската окупација.
Како член на КПЈ од 1941 година активно соработувал со партизаните се до првата половина на 1944 година, кога заедно со својата сопруга станале партизански лекари на 2 Македонска партизанска бригада која дејствувала во Централна Македонија. Партизанската болница се наоѓала во месноста „Влашки колиби“ на планината Кожуф. Целокупната работа во оваа добро организирана партизанска болница која ги задоволувала потребите на единиците на III оперативна зона, ја вршеле брачниот пар Попадиќ. Во завршните операции за ослободување на Македонија болницата се здобила со хирург д-р Хојзнер, кој бил германски воен заробеник. По ослободувањето на земјата од фашистичкиот окупатор со решение на Президиумот на Народното собрание на Македонија од 16 Април 1945 година, д-р Вукашин Попадиќ бил избран за министер на народното здравје во Владата на Федерална Македонија. (Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Скопје, 1981, том II, 643.)

[10] Д-р Мирјам Шенфелд- Попадиќ се родила на 12 мај 1905 година во с. Игал (Унгарија), по народност била Еврејка. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Загреб во 1930 година. Од 1936 година е специјалист педијатар. Во Штип работи во детскиот диспанзер во периодот 1933-1936 година.
За време на бугарската окупација на Битола работела во Обласната хигиенска лабораторија и Советувалиштето за мајки со деца, кое функционирало до крајот на 1941 година, а од 5 мај 1942 година таа е назначена за лекар на Сиропиталиштето во Битола. Таа била активен член на Управниот одбор на Женската потрошувачка задруга, формирана во МК на КПЈ во Битола, во текот на 1940 година. Во оваа задруга бил организиран илегален курс за болничарки во партизанските одреди, со кој раководела д-р Мирјам Попадиќ. Покрај тоа, таа многу ревносно работела и во Здравствениот одбор формиран во 1941 година, со задача да прибира санитетски материјал и лекови за НОВ и ПОМ и да обезбедува илегално лекување на заболените и ранети партизани. Од 3 мај 1944 до 30 декември 1945 година била воен лекар, помошник началник на санитетот на Петтата армија. По војната извесно време останала во ЈНА. Демобилизирана е во чин санитетски мајор. Носител е на три воени одликувања од кои во август 1945 година Орден заслуги за народ. Д-р Мирјам Попадиќ е единствената жена – лекар учесник во НОБ од Македонија.

Трифун Пановски[11], до неговото апсење во 1942 година. Подоцна тоа го правеле д-р Вукашин Попадиќ, неговата сопруга Мирјам, д-р Димитар Несторов[12] и д-р Ванѓел Шорко[13].

[11] Д-р Трифун Пановски (1912-1944), се родил 1912 година во с. Буф (Леринско, Егејска Македонија). Завршил медицински факултет во Белград. Најнапред бил лекар во Ниш и во Штип во Антималаричната станица.

По распаѓањето на монархистичкиот систем и доаѓањето на фашистичкиот окупатор, Трифун се вратил во Битола и целосно се ставил во служба на месното раководство на КПЈ. За време на бугарската окупација на Битола, тој работел како лекар во Обласната хигиенска лабораторија, заедно со д-р Д. Несторов, д-р М. Попов, д-р В. Попадиќ и д-р М. Попадиќ. Вршејќи ја функцијата началник на Антималаричната служба, тој целосно се ангажирал околу подготовките и обезбедувањето на санитетски материјал за првиот партизански одред, на кој што му биле неопходно потребни неговите лекарски услуги. Оваа негова активност се одвивала во рамките на Здравствениот одбор кој при крајот на 1941 година бил формиран во окупираната Битола.

Во 1941 година на иницијатива на комунистите во градот предводени од Стив Наумов, д-р Трифун Пановски бил избран за потпретседател на читалиштето во градот. Во тие судбоносни денови за македонскиот народ, присуството на д-р Пановски се чуствувало насекаде. Во болницата ги лекувал комунистите и симпатизерите, спасувајќи ги така од полициските тортури кои биле секојдневни.

Во текот на 1943 година бил интерниран во Бугарија и мобилизиран како лекар во бугарската војска од каде избегал и пристапил во редовите на народноослободителната војска. Во тој период борбите во Македонија биле во полн ек. Партизанската санитетска служба се соочувала со сериозни тешкотии заради немање на доволен број високостручен медицински персонал за раководење на партизанските болници. За тоа време се правеле усилби за мобилизација на лекарски и друг здравствен персонал. На 22 јануари 1944 година, поголема група партизани, меѓу кои бил и д-р Трифун, се префрлиле во базата на Караџова (Егејска Македонија). Д-р Трифун работел како главен лекар на партизанските болници на Кожуф, а потоа како бригаден лекар на Првата македонско-косовска бригада.

Д-р Трифун Пановски работел во партизанската болница што ја формирал и организирал кај с. Песочани и Ехловец, во подножјето на славниот Караорман и Славеј. Во оваа болница се лекувале тешко ранетите борци, а полесно ранетите, под негов стручен надзор се лекувале во своите единици. Не го дочекал ни првото заседание на АСНОМ за чиј пратеник бил избран во јуни 1944 година. Трагично загинал на 22 јули 1944 година.

[12] Д-р Димитар Несторов (1890-1976). Се родил е во Струга, а класичната гимназија завршил во Битола во 1910 година, по што учителствувал во Струга. За време на Балканската војна учествувал како доброволец во Македонско-одринското востание во рамките на Прилепската дружина. По завршувањето на Балканските војни започнал да студира на Медицинскиот факултет во Женева, а дипломирал во 1921 година. По враќањето од Швајцарија, почнувајќи од 1923 година, се вработил во Битола како општински лекар, а од 1934 година бил раководител на Санитарното одделение во општината. За време на бугарската окупација на градот, д-р Несторов бил началник на Обласната хигиенска лабораторија, во која работеле неколку прогресивни битолски лекари кои биле членови на КПЈ или симпатизери на НОД, како д-р Трифун Пановски, д-р Вукашин Попадиќ и неговата сопруга д-р Мирјам Попадиќ.

За цело време на фашистичката окупација, не стивнувала неговата политичка активност, а таа продолжила и во повоениот период, во ослободена Македонија, со што се оствариле неговите студентски идеали. Така во октомври 1944 година, тој бил кооптиран за нов член на АСНОМ од Битола. Во периодот 01.11.1945 – 25.04.1945 бил повереник при Народно здравје на Окружниот одбор за Битолски округ, а по ослободувањето бил член на првиот НОО што бил формиран во Битолско и потпретседател на Градскиот одбор на Народниот фронт во Битола. (Марјан Димитријевски, Кратка биографија на д-р Димитар Несторов. 2005. Зборник на трудови на Втор македонски конгрес за историја на медицината, Струмица, 77).

Кон крајот на 1941 и почетокот на 1942 година, по иницијатива на Здравствениот одбор, се одржале три илегални санитетски курса за обука во пружање на прва помош и транспорт на тешко ранети. Меѓу слушателите покрај Цвета Чаљовска била и Марија Јосифовска, кои подоцна биле упатени во битолскиот партизански одред. Марија Јосифовска загинала на 3 мај 1942 година како референт на санитетот на одредот[14].

За време на НОВ, Прилеп бил добро организиран, не само во давање на отпор на окупаторот, туку и во организирање на илегалната здравствена дејност. По формирање на Месниот воен штаб во 1941 година, покрај другите, бил формиран и првиот Здравствен одбор. Прилепскиот здравствен одбор бил многу активен во згрижувањето на болните и ранетите борци. Во куќата на Рампо Слабејков, кон крајот на 1941 и почетокот на 1942 година, илегално биле лекувани голем број на ранети партизани и илегалци. Во февруари 1944 година илегално била лекувана и болничарката Милица Лукиќ-Тишлер, која била тешко ранета при откривањето на ранетите партизани кои ги придружувала по патот за Прилеп. Одговорен за санитетската служба во првиот Прилепски партизански одред „Гоце Делчев" бил Коле Чашуле, тогаш студент по медицина. Со тоа Прилепскиот одред бил единствениот што во своите редови имал санитетски референт кој бил студент на медицина. Останатите одреди биле без лекар и без стручен персонал[15].

Од лекари кои илегално лекувале ранети и болни партизани и илегалци во окупираниот Прилеп треба да се истакнат имињата на д-р Јуриј

[13] Д-р Ванѓел Шорко (1898-1961) се родил во Битола. Медицински фаултет завршил во Стразбур (Франција), потоа специјализирал општа хирургија во Париз. Во Битола имал приватна амбуланта во периодот 1930-1939, а работи потоа како хириург во Битолската болница. Од самиот почеток на окупацијата д-р Шорко се ставил во служба на Комунистичката партија и НОД, давајќи лекарска и хируршка помош на болните и ранетите партизани по селата во битолската околија, или пак на оние кои биле безмилосно измачувани од бугарската полиција. Нив ги задржувал и лекувал во болницата повеќе отколку што било потребно.

[14] Georgi Kamčevski. 1974. Simpozijum o organizaciji ratne zdravstvene službe u opštonarodnoj odbrani u SR Makedoniji, Zbornik radova, Skopje, 37-42.

[15] Кирил Пунтевски, Лекување.., 29-30.

Заниновиќ[16], д-р Глигор Тофовски[17], д-р Димитар Дуљан[18], д-р Никола Хаџи-Здравев[19], д-р Димитрија Дујаковски[20] и др.[21].

Здравствениот одбор во Штип одиграл значајна историска улога кога во најтешките моменти, успеал да ги мобилизира сите потенцијали, во окупираниот и строго контролиран град, за снабдување со санитетски материјал, инструменти, лекови и облека за борците. Огромна помош во тоа пружила медицинската сестра Блага Џидрова-Шаровиќ, која со знаење и дозвола на д-р Људмила Смирнова[22] изнесувала

[16] Д-р Јуриј Заниновиќ (1886-1969), Далматинец од чешко потекло, се родил во Стари град на островот Хвар. Медицина завршил во Прага 1918 година. Краток период работел во родниот град, а 1919 година дошол во Прилеп каде континуирано работел како лекар до пензионирањето во 1960 година. Првото вработување му било како околиски лекар околу една година, па како општински лекар 6-7 години, а до почетокот на Втората светска војна работел како приватен лекар. Со окупацијата во 1941 година бил назначен за управник на Државната болница во Прилеп. На тоа работно место имал голема можност да помага на партизанското движење и во самата болница да лекува партизани. Поради сомневање дека е симпатизер на НОБ и дека им помага на ранетите партизани бил интерниран од бугарските власти и преместен на работа во с. Плетвар. Тој често пати бил казнуван од бугарските власти, затворан, малтретиран и брутално понижуван. Од здравствени причини и лична заложба на д-р Хаџи-Здравев бил вратен на работа во неговата приватна амбуланта во Прилеп. Гога Јаничот редовно од него земал лекарства и санитетски материјал за Прилепскиот партизански одред. Борците и ранетите во почетокот ги лекувал во својата амбуланта, а кога тоа станало ризично ги лекувал во нивните домови или на други тајни места.

[17] Д-р Глигор Тофовски (1909-1976), се родил во Прилеп, медицински факултет завршил 1934 година во Белград. По дипломирањето краток временски период бил приватен лекар, а потоа во Здравствениот дом работел до 1941 година, за време на војната како лекар активно помагал во лекувањето на партизаните и давал поддршка на НОД.

[18] Д-р Димитар Дуљан (1907-1975), се родил во Ресен, студии по медицина завршил во Кан со титула доктор по забно лекарство. Поради неговиот отворен антифашистички став и со срамното предавство и монитиран судски процес, од страна на Бугарскиот воен суд бил осуден на 2 години затвор и интерниран во бугарскиот логор Чучурлигово. Оттаму успеал да побегне, се вратил во Македонија и се приклучил како борец во Првата македонско-косовска бригада.

[19] Д-р Никола Хаџи-Здравев (1909-1970), се родил во Прилеп, завршил Медицински факултет во Белград во 1934 година. Работел како епидемиолог и бактериолог во Антималаричната станица во Прилеп. За време на војната активно го помагал НОД пружајќи ги своите лекарски услуги. Подоцна израснал во маларилог од светски глас. Има особени заслуги во триумфалното искоренување на маларијата во Македонија.

[20] Д-р Димитрија Дујаковски, се родил во Прилеп, 1907 година, дипломирал на Медицински факултет 1937 година. Во Прилеп пред војната работел како околиски лекар. Со бугарската окупација бил мобилизиран и поминал 8 месеци во Јамбол. Потоа се вратил во Прилеп како лекар во Државната болница,од каде повторно е мобилизиран. На враќање од Бугарија директно заминал во Прилепскиот партизански одред каде бил партизански лекар.

[21] Кирил Пунтевски, Лекување..., 30.

[22] Д-р Људмила Смирнова, родена 17 Јули 1890 година во Хелсинки, Финска, која тогаш била во составот на Царска Русија. Во време на граѓанската војна имигрира во Кралството Југославија, најнапред во Панчево, па во Врање, а потоа во 1920 година доаѓа во Штип како лекар во Окружната болница. Во време на Втората светска војна работела во с. Радање и во Штипската болница до нејзиното

илегално санитетски материјал и лекови од болничката аптека добивани преку аптекарот м-р Арон Сури и ги носела во куќата на Блага Витларова, сопственичка на фурна, која живеела во непосредна близина на Штипската болница. Таа во визбата од нејзината куќа имала специјална скривница каде ги сместувала чаршавите, ќебињата, лековите и санитетскиот материјал од каде пак по илегален пат се дистрибуирале до Плачковичкиот одред. Исто така м-р Тодор Христов Голов, кој имал сопствена аптека во Штип, иако под силен надзор на германските војници, успевал да сокрие дел од лековите и завојниот материјал и преку Тошо Арсов, вработен во аптеката, ги испраќал до партизанскиот одред на планината Плачковица. Во Штипската болница за цело време на војната покрај граѓанските лица се лекувале и болни и ранети бугарски војници. Но, се случувало илегално да бидат примени на лекување војници и активни членови на Комунистичката партија. Така, најчесто се користеле просториите на заразното одделение, поради самиот карактер на одделението, со кое раководела д-р Људмила Смирнова. Сепак, поради тоа што бугарските власти се посомневале во д-р Смирнова таа извесно време била испратена на работа во с. Радање (Штипско).

Голем дел од останатиот персонал знаел за ова, дури и поединечно и колективно учествувал во акциите, но не се случило некој од властите да дознаат за ова. Тајната навистина била строго чувана. Исто така биле организирани кратки и брзи санитетски курсеви за оспособување на помошен санитетски кадар. Содржината на работата во нив се сведувала на најнужното и основно згрижување на ранетите и болните. Курсевите биле раководени од медицинските сестри Катерина Икономова, Станка Гичева, Павлина Гуглова и Павлина Стевова[23].

Во Свети Николе, кон средината на 1941 година, д-р Ѓорѓи Гаврилски отворил приватна ординација и долго време бил единствен лекар во градот и неговата околина. Тоа му дало можност да пружа илегална здравствена помош за потребите на Народноослободителната борба. Со негова заслуга било прибирано и жито, маст, волна, шајак за панталони, санитетски материјал и лекови и други потребни материјали за помош на Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија (НОАВМ). Неговата ординација била исто така склад за неопходните материјали, за

пензионирање. Таа е основач на Детското и Инфективното одделение при Штипската болница и Детските јасли со кои раководела.

[23] Сеќавања од 1987 година на старите штипјани Блага Цидрова и Тоде Крушката (членови на илегалниот Здравствен одбор).

медицинска и економска помош на борците. Во април 1942 година д-р Гаврилски заедно со уште неколку видни светиниколчани, формирал Одбор за народна помош во Свети Николе [24]. На 28 јуни 1943 година, д-р Гаврилски бил уапсен и во судскиот процес со посебна пресуда бр. 261 од 21 септември 1943 година бил осуден на 15 години строг темен затвор и лишување од правата во наредните 20 години[25].

Во Велес народноослободителното дело сесрдно го помагале бројни здравствени работници на чело со ветеранот д-р Панче Васков, д-р Александар Ташевиќ, м-р Димитар Смилев, м-р Андреја Карпузов, м-р Боро Смилев, м-р Никола Тошанов и студентите по медицина Љубомир Шукаров и Пенчо Давчев.

Во август 1941 година, по иницијатива на илегалниот месен штаб, Трајко Капчев организирал санитетски курсеви за прва помош со кои раководел студентот Љубомир Шукаров. Меѓу учесниците на курсот покрај другите, бил и Љубо Јурукот во чија куќа се држел курсот[26].

Во Гевгелија за време на војната 1941-1944, д-р Трифун Грековски активно бил вклучен во НОД поради што и повеќе пати бил интерниран. Во средината на август 1944 година д-р Грековски преминал на слободната територија во с. Жегљане (Куманово) каде формирал прифатилиште за ранетите и болните борци на НОБ. До крајот на војната, тој работел во партизанската болница сместена во манастирот Св. Прохор Пчињски[27].

Во Тетово активностите на здравствениот одбор главно се движеле во согласност со активностите на останатите здравствени одбори во Македонија. Во 1942 година бил формиран месниот штаб на Народниот фронт на Тетово чија задача, меѓу другото, била и организација на илегалниот санитет, обезбедување на простор и стручен кадар за лекување на ранети и болни, прибирање, складирање и дистрибуирање на санитетски материјал, лекови и медицински инструменти. Никола Штејн од Тетово, предвоен студент по медицина во Белград, кој за време на војната

[24] Проф. д-р Марјан Димитријевски. 2007. Прим.д-р Ѓорги Гаврилски (1911-1987), Скопје-Свети Николе, 29-31.

[25] Исто таму, 33.

[26] Боро Николовски. 1961. Фармацевтската служба во НОБ 1941-1944, Билтен на фармацевтското друштво бр. 5-6, Скопје, 2.

[27] В. Картов. 1969. Гевгелија и Гевгелискиот крај од Балканските војни до ослободувањето, Скопје, 217.; Т. Гркова, Спомени за д-р Трифун Грековски (необјавен материјал).

работел како медицински техничар во Тетовската болница, од Месниот штаб бил назначен за санитетски референт. Тој бил главниот организатор на санитетските курсеви кои се одржувале во куќата на Ќирко Цуки. Активно бил вклучен и во пружањето на медицинска помош и нега на болните и ранетите во приватните куќи и во болницата. За жал неговата илегална работа била откриена и два дена пред ослободувањето на Тетово бил уапсен од страна на балистите и убиен. Во снабдувањето со лекови голема помош пружил аптекарот Жика Миљковиќ кој работел во аптеката на неговиот тест Татиос Кандикјан[28]. Исклучителна активност во прибирањето на материјали и инструменти за илегалниот санитет покажал и Јован Марковски кој бил студент на Медицинскиот факултет во Виена[29]. Исто така, повеќе лекари на работа во тетовската болница биле вклучени во работата на илегалниот санитет така што ги лекувале ранетите борци. Меѓу нив се истакнувал д-р Зирап Хаџи-Хасани[30].

Илегалната соработка на д-р Глигур Евчески и д-р Милош Јаковљевиќ, со движењето и посредувањето во прибирање на санитетски материјал и лекување на болните и ранетите била откриена, по што тие биле интернирани во логор во Приштина. Партизанското движење како приватен лекар го помагал и д-р Ристо Брезјанин кој поради тоа бил откриен и уапсен. Одржувал директни врски со Гостиварско - Тетовскиот одред преку народниот херој Душко Поповски кој подоцна бил уапсен и обесен во затворот во Тирана[31].

Гостиварскиот лекар д-р Сречко Аврамовски, илегално лекувал ранети партизани во село Никифорово, Маврово[32].

И сите други месни воени штабови организирале санитетска служба слична како во Скопје, Битола, Штип, Велес, Прилеп во зависност од ситуацијата и можностите во нивните подрачја.

[28] Б. Светозаревиќ, М. Закоска, 2010. Здравството во Тетово и Тетовско во XIX и XX век, Тетово, 56.
[29] Државен Архив на Македонија (ДАРМ), ПО Тетово, фонд бр. 736, кт.1. 1968 год. Ристо Брезјанин, Историја на здравствената култура на Тетово, (необјавен ракопис), 59.
[30] Боро Николовски. 1995. Прилози за историјата на здравствената култура на Македонија, Скопје, 278.
[31] Исто таму.
[32] Михајло Апостолски, Развојот на санитетската служба.., 8.